1545

**PRES-SERVIS**

NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank

SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE

Isečak iz lista
Newspaper cutting
НОВА МАКЕДОНИЈА
Skopje

21 VII. 1966




# КОНТАКТИ И ДРУГО

(Ѓ. Поповски)

Во тек се последните подготовки за третата „Средба на солидарноста". Повеќе или помалу, тие се однесуваат на програмата, нејзиното остварување, сцените, сместувањето на гостите...

Ќе допатуваат многу уметници, солисти, диригенти, ансамбли од цел свет, по третпат, со своите настапи, да ја искажат љубовта за овој град, солидарноста на луѓето и народите од светот.

Сега веќе имаме извесно искуство и како домаќини на оваа наша и нивна манифестација, можеме да го преиспитаме тоа, дали целосообразно го организираме нивното слободно време, дали — освен нивните настапи — сме направиле достатно, нивниот престој во нашиот град да мине токму во духот на „Средбата на солидарноста", на разбирањето и добрата волја меѓу луѓето од сите меридијани...

Не, навистина не. Барем досега. Гостите доаѓаа, ќе меѓусебно запознавање — контакти на наши и странски културни работници, презентирање на нашето културно наследство и современите културни постигања, контакти, во границите на можноста, помеѓу групи учесници... Потем, излети и слично... Сé во духот на вистинската природа на прославата. Ете, сето тоа, е можно. И нужно. И треба да се оствари. Но, како?

Во Скопје работат повеќе градски и републички културни институции кои, навистина, во соработка со Комитетот, би можеле да се вклучат во организацијата на манифестацијата.

Не ли е можно, на пример, Друштвото на композиторите, или Друштвото на музичарите, Друштвото на ликовните уметници, или Музејот за современа уметност (покрај изложбите), Институтот за национална историја, или Институтот за фолклор, туристичката организација, и ред други, во договор со Организациониот комитет на „Средбата на солидарноста" да организираат такви средби, разговори, меѓусебни запознавања, излети...

Не е ли можно, на пример...